*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник | Број 8 | |
| на Општина Штип | 19 август 2010 година | ГОДИНА XLVII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


284.

Врз основа на член 24-а од Законот за дополнување на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 36 став 1 алинеја 5 и член 51 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **16 август 2010 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР”-ШТИП

1. Директорот на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар”-Штип, **Васко Арсов**, **се разрешува** од функцијата директор на негово барање од **16 август 2010 година**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 04-4342/1 | Општина Штип |
| 17 август 2010 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов |

285.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за дополнување на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и

22/07), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 36 став 1 алинеја 5 и член 51 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **17 август 2010 година**, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-
ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР”-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар”-Штип **се именува Игно Иванов**.

2. Должноста вд директор на ЈП „Исар” – Штип, Игно Иванов ќе ја врши од **17 август 2010 година** се до изборот на директор на јавното претпријатие.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 04-4357/1 | Општина Штип
17 август 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов

286.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 52/05), член 105 од Законот за работни односи-пречистен текст („Службен весник на РМ” број 16/10), член 39 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник на РМ” број 53/95) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **17 август 2010 година**, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И
НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ
АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ
ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се утврдува основната плата, додаток на плата и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип.

Член 2

Работникот кој склучил договор за вработување има право на заработувачка-плата, согласно Закон, Правилникот за плати, Колективениот договор и Договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување е во парична форма.

Член 3

Основната плата се определува согласно условите на работното место за кое работникот склучил договор за вработување.

Основната плата е изразена во бодови.

Висината на бодот ја утврдува градоначалникот врз основа на утврдениот буџет на општината (ставка плати и надоместоци на плати) за секоја тековна година.

Член 4

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за засниување на работен однос, а утврден во актот за организација и систематизација на работното место на Општина Штип, и тоа:

**занимање од I група**

| | |
|---|---|
| 1. Хигиеничар | 206 бода |

**занимање од II група**

| | |
|---|---|
| 1. Курир | 220 бода |

**занимање од III група**

| | |
|---|---|
| 1. Одржувач на систем за греење | 247 бода |
| 2. Одржувач на зграда и инсталации | 247 бода |

**занимање од IV група**

| | |
|---|---|
| 1. Послужувач на пијалоци и одржување хигиена во кабинетот на градоначалникот и претседателот на советот | 245 бода |
| 2. Одговорен за возен парк | 285 бода |
| 3. Копирање, сортирање и пакување на материјали за седници | 285 бода |
| 4. Помошни технички работи | 286бода |
| 5. Возач на градоначалникот | 310 бода |

**занимање од V група**

1. Домакин 350 бода

**занимање од VI група**

1. Евиденција на доставување на писмена и други материјали 430 бода

**занимање од IV група**

1. Командир на ТППЕ 540 бода
2. Заменик командир на ТППЕ 470 бода
3. Командир на одделение 261 бода
4. Водач на група 257 бода
5. Пожарникар-автомеханичар 253 бода
6. Пожарникар-возач 240 бода
7. Пожарникар 240 бода
8. Одржувач на хигиена 206 бода

Член 5

На работникот му се зголемува основната плата 0,5% (додаток) за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 6

Работникот кој е распореден на работи во смени односно турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додаток за плата по час.

Член 7

Работникот кој ќе биде ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови колку бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток на плата во висина од 5% од основната плата, во зависност од часовите поминати на работа во неделен одмор.

Член 8

Работникот за работа за време на државен празник поминато на работа има право на додаток на плата во висина на 50% од износот на основната плата.

Член 9

Работникот кој работи подолго од работното време има право на додаток во висина на 35% по час од износот на основната плата.

Работникот од став 1 на овој член доколку работи подолго од полното работно време, има право времето поминато на работа подолго од полното работно време да го замени со слободни часови.

Член 10

Работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата за:

- за службено патување;
- користење на приватен автомобил за службени патувања;
- одвоен живот од семејството
- терренски додаток;
- смрт на работникот или член на неговото семејство
- отпреминина при одење во пензија, како и јубилејни награди.

Висината на надоместоците од став 1 на овој член за секоја година се утврдуваат со Одлуката за извршувањето на буџетот на Општина Штип.

Член 11

На работниците учесници во штрајк, за време на учество во штрајкот, работодавачот е должен да им уплатува придонеси од плата утврдени со посебните прописи на најниската основица за плаќање на придонесите.

Член 12

Работникот кој со посебни ангажирања и квалитет во извршување на работите позначително ќе придонесе во органот, може да му се додели парична награда во висина од една негова просечна плата.

Член 13

На секој работник вработен во општинската администрација на Општина Штип висината на платата работодавачот ќе ја утврди со посебно решение за плата.

Член 14

Со влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-2969/1 од 09 октомври 2006 година и Правилниците за измени и дополнувања број 04-2021/1 од 20 август 2008 година, број 04-234/1 од 31 јануари 2009 година и број 04-1293/1 од 01 јуни 2009 година.

Член 15

Овој Правилник ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува осмиот ден по објавувањето.

Број 04-4368/1 — Општина Штип
18 август 2010 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
| --- | --- | --- |
| 284. | Решение за разрешување на директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар”-штип | 296/8 |
| 285. | Решение за именување на вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар”-штип | 296/8 |
| 286. | Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина штип | 297/8 |